**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-880/3***

***Скопје, 29.12.2005 година***

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 5 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија, како и согласно член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Бранко Црвенковски- претседател на партијата до 22 март 2004 година;
   - Владо Бучковски - претседател на партијата од 25 ноември 2004 година;
   - Никола Ќуркчиев - генерален секретар;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 30.08 до 07.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор;
   - Соња Камбовска, ревизор;
   - Бранка Ажиевска, ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето: дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со примената на законска регулатива, и тоа во делот на примените донации, видот на остварените приходи, финансирање на политичките партии и пописот на имотот со кој располагаат.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на политичката партија СДСМ добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 0205-244/1 од 20/12/2005 година, и тоа на точките 10.1. и 10.2, при што ревизијата ја прифати забелешката на точката 10.1, додека делумно е прифатена забелешката на точка 10.2. која се однесува на евидентирање на имотот во сметководствената евиденција.

Ревизијата смета за неопходно да ги обелодени следните информации:

- Со увид во пописот на средствата и изворите на средствата, во делот на градежните објекти, ревизијата констатира дека се евидентирани два објекта, административната зграда на СДСМ во Скопје и административната зграда во село Лозово. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија до 2003 година остварува приходи по основ на склучени договори за закупнини на деловен простор, а во текот на 2003 година склучени се договори за давање на користење на деловен простор без надомест со обврска фирмите закупувачи да учествуваат во заедничките трошоци. (Според констатациите наведени во Записникот од Управата за јавни приходи бр.1341 од 09.07.2003 година)
  На ревизијата не и беа презентирани документи кои ќе претставуваат доволен ревизорски доказ за утврдување на сопственоста на објектите дадени под закуп. Одговорното лице во СДСМ ја информира ревизијата дека е во тек правна постапка за утврдување на сопственоста на повеќе објекти низ Републиката.

- Државниот завод за ревизија се обрати до Советот за радиодифузија, со писмо број 11-779/1 од 07/11/2005 година, со цел да се добијат информации за обемот на финансиските средства за организација на изборната кампања и медиумските активности за вонредните претседателски активности во 2004 година, при што со одговорот број 03-2548/2 од 10/11/2005 година е добиен Билтенот број 15, изготвен од Советот за радиодифузија, во кој детално е обработена темата „Електронски медиуми и претседателските избори во 2004



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 -----------------------------

година“, во која се дадени активностите на сите политички партии кои имаа кандидат за вонредните претседателски избори во 2004 година, со информации поодделно за секоја телевизиска и радио станица, преку платено политичко рекламирање, политички спотови, снимки од митинзи, дебатни емисии и други активности изразени во временска рамка (часови и минути). Според анализите искажани во наведениот билтен, политичката партија СДСМ учествувала во сите активности во вонредните претседателски избори.

Имајќи ги предвид активностите наведени во Билтенот на Советот за радиодифузија, се доведува во прашање дали сите активности на политичката партија се искажани во сметководствената евиденција.

- Државниот завод за ревизија со писмо број 07-771/2 од 04/11/2005 година се обрати до Државната изборна комисија со цел да добие информации за дадената согласност за отварање на сметка за изборна кампања. Од Државната изборна комисија добиена е потврда број 07-76/2 од 22/03/2004 година, врз основа на барањето на Никола Ќурчиев, како овластен претставник на кандидатот Бранко Црвенковски за претседател на Република Македонија, а врз основа на поднесено барање на 22/03/2004 година за отварање на жиро сметка со назнака „За изборна кампања“. Кон документацијата е приложена потврда од Комерцијална Банка АД – Скопје, број 14-1100-11169 од 22/03/2004 година, со која се потврдува дека политичката партија СДСМ има отворено сметка за изборна кампања со назив СДС на Македонија – За претседателска кампања 2004 Скопје.

11. Поради значењето на прашањата објаснети во претходните пасуси, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи.

12. Ревизијата е на мислење дека законската регулатива, пред се Законот за политичките партии, Законот за избор на претседател на Република Македонија, Законот за локални избори и Законот за државна ревизија, според кој не постои законска можност за продолжена ревизија, не воспоставија соодветни услови за поголема контрола во искажување на сите трансакции во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

**Скопје, 28/12/2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Бранислав Гулев**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 -----------------------------

Социјалдемократски сојуз на Македонија

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1. | 19,389 | 12,896 |
| Приходи од Буџетот на РМ за претседателски избори | 3.2 | 14,035 | - |
| Приходи од продажба на градежен објект | 3.3 | 30,038 | - |
| Приходи од кирии и закупнини | | - | 146 |
| Други приходи | 3.4 | 625 | 25,767 |
| **Вкупни приходи** | | **64,087** | **38,809** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 3.5 | 15,045 | 7,339 |
| Расходи за претседателска кампања | 3.6 | 24,900 | - |
| Плати и надомест на плати | 3.7 | 6,902 | 7,046 |
| Капитални расходи | 3.8 | 16,424 | 19,073 |
| Други расходи | 3.9 | 775 | 1,087 |
| **Вкупно расходи** | | **64,046** | **34,545** |
| **Остварен нето вишок-добивка** | | **41** | **4,264** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 14 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 ------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 776 | 7,281 |
| Краткорочни финансиски побарувања | | 0 | 924 |
| **Вкупно тековни средства** | | **776** | **8,205** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални вложувања | 4.2.1 | 64,376 | 65,972 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **64,376** | **65,972** |
| **Вкупна актива** | | **65,152** | **74,177** |
| **Пасива** | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Добавувачи | 4.3.1 | 3,513 | 3,890 |
| Други краткорочни обврски | | 0 | 1,865 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2 | 41 | 5,228 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3,554** | **10,983** |
| **Извори на средствата** | | | |
| Деловен фонд | 4.4.1 | 61,598 | 63,194 |
| **Вкупно извори на средства** | | **61,598** | **63,194** |
| **Вкупна пасива** | | **65,152** | **74,177** |

Образложенијата дадени од 7 до 14 страна се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 ------------------------------

**ПРЕГЛЕД**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| ОПИС | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2004 година** | **63,194** | **63,194** |
| **Зголемување по основ на:** | **15,704** | **15,704** |
| Пренос од средства во подготовка | 15,704 | 15,704 |
| **Намалување по основ на:** | **17,300** | **17,300** |
| Продажба на градежен објект | 15,000 | 15,000 |
| Амортизација | 2,300 | **2,300** |
| **Состојба на 31.12.2004 година** | **61,598** | **61,598** |

Образложенијата дадени од 7 до 14 страна се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

*Овластен Државен ревизор*

------------------------------